У-6.бр.621/2025

УПРАВНИОТ СУД преку судијата Марта Телегравчиска како судија поединец, решавајќи по тужбата на тужителот Агенција за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија, поднесена преку полномошник Адвокатско друштво ЛАЗОВ БАДЕВА АДВОКАТИ Скопје, против решението на Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер бр.08-259 од 28.07.2025 година, за слободен пристап до информации од јавен карактер, на ден 09.09.2025 година согласно член 38 став 1 точка 3 во врска со член 32 став 1 точка 2 од Законот за управните спорови, донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

Тужбата на тужителот Агенција за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија, поднесена против решението на Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер бр.08-259 од 28.07.2025 година, СЕ ОТФРЛА КАКО НЕДОЗВОЛЕНА.

22.09.2025
08 259

## О б р а з л о ж е н и е

Агенција за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија во својство на тужител, поднесе тужба за управен спор пред Управниот суд, против Решение на Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер бр.08-259 од 28.07.2025 година, со кое жалбата изјавена од Д. К. од Скопје, поднесена против Решение на Агенција за цивилно воздухопловство бр.03-733/5 од 30.06.2025 година, заведена во Агенцијата под бр.08-259 на 10.07.2025 година по предмет Барање за пристап до информации од јавен карактер, се уважува, Решението на Имателот на информации бр.03-733/5 од 30.06.2025 година се поништува и се задолжува Имателот на информации да му ја достави бараната информација на барателот на начин и во форма наведени во Барањето.

Управниот суд постапувајќи по тужбата на тужителот најде:

Тужбата е недозволена.

Согласно член 3 став 1 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/2019), во управен спор судот одлучува за законитоста на конечните поединечни управни акти кои директно влијаат на правниот статус на тужителот, односно со кои се решава за правата, обврските и правните интереси на тужителот.

Согласно член 20 од Законот за управните спорови, тужител е физичко или правно лице кое смета дека му е повредено право или правен интерес со конечен управен акт донесен во управна постапка, или во прекршочна постапка, како и со непостапување на јавен орган во законски утврдениот рок.

Согласно член 21 став 1 од Законот за управните спорови, државен орган, подружница или друга деловна единица на трговско друштво здружение или заедница на граѓани, кои немаат својство на правно лице, може да поведат управен спор доколку се носители на права и обврски за кои се одлучува во управна постапка.

Согласно член 32 став 1 точка 2 од Законот за управните спорови, Судот ќе ја отфрли тужбата со решение, доколку не се исполнети условите за водење на управен спор, односно доколку утврди дека оспорениот акт, дејствие или управен договор не засега некое право или правен интерес на тужителот. Согласно ставот 2, од причините од ставот 1 на овој член, судот ќе ја отфрли тужбата во секој стадиум од постапката.

Согласно член 38 став 1 точка 3 од Законот за управните спорови, Судот по исклучок од одредбите од член 37 од овој закон одлучува по управниот спор без да одржи расправа само кога одлучува со решение, освен во случаите за времена мерка.

Во конкретниот случај, Д. К. од Скопје до Агенција за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија поднел Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер со кое побарал по е-маил да му се достави електронски запис од Колективен договор на Агенција за цивилно воздухопловство кој е во важност. Постапувајќи по наведеното барање, сега тужителот – имател на информации, донел Решение бр.03-733/5 од 30.06.2025 година со кое барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер се одбива со образложение дека, согласно член 20 од Статутот на Агенција за цивилно воздухопловство актите со кои се регулираат правата, обврските и овластувањата на вработените се за ограничена употреба и до ваквите информации не е дозволен слободен пристап.

Незадоволен од вака донесеното Решение, барателот на информации – Д. К. од Скопје поднел жалба по која Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер го донела сега оспореното решение бр.08-259 од 28.07.2025 година.

Од увидот во тужбата и оспореното решение на Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, судот најде дека сега тужителот Агенција за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија не бил странка во управната постапка, туку бил орган кој ја водел и одлучувал како првостепен орган во постапката согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл.весник бр.101/19) и Статутот на Агенција за цивилно воздухопловство (бр.02-1495/3 од 27.12.2024 година).

Тужителот Агенција за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија, кој го донел Решението бр.03-733/5 од 30.06.2025 година со кое барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер се одбива, има процесна положба на првостепен управен орган, па за истата правна работа не може истовремено да има и положба на странка и да биде тужител во управен спор. Ова значи дека тужителот има обврска за обезбедување на јавна услуга при вршењето на дејноста на начин и под услови утврдени со закон, од што произлегува дека истиот постапувал и одлучувал во управната постапка како орган во рамките на своите законски надлежности, а не како носител на права, обврски и правни интереси, во смисла на членот 3 од Законот за управните спорови, за чија заштита се одлучувало во управната постапка.

Имено, согласно член 20 од Законот за управните спорови, како тужител во управен спор може да биде само физичко и правно лице кое било странка или заинтересирано лице во управната постапка како лице на кое конечниот управен акт има влијание врз неговите права или правни интереси. Оваа дефиниција во

целост ја исклучува можноста како тужител да се јави јавниот орган што ја водел управната постапка во која против управниот акт може да се изјави жалба до второстепениот орган. Во таа насока е и судската пракса изразена во решението на Врховниот суд У.бр.1613/91 од 14.05.1992 година, каде е направена јасна дистинкција помеѓу надлежност на јавен орган и право или правен интерес на јавниот орган со што тој не го препознава како тужител во управен спор против одлука на второстепен орган кој одлучувал по жалба против управен акт или недонесување управен акт во управната постапка што истиот ја водел во прв степен. Оттука, барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер, кое било предмет на првостепената постапка, произлегува од надлежноста на првостепениот орган - сега тужителот, односно е во рамките на неговиот делокруг на работа, а не како носител на права и интереси во правна работа која е надвор од неговата надлежност, за чија заштита би одлучувал друг јавен орган во рамките на својата надлежност, што е во исполнување на членот 21 од Законот за управните спорови, со која одредба се укажува на важноста на обезбедување на управно-судска заштита на правата и правните интереси на сите субјекти вклучително и на јавните органи, на кои во управната постапка тие им биле непризнаени, ограничени или одземени.

Од вака утврденото, согласно горе цитираните законски одредби, Судот е на став дека првостепениот орган не може да поведе управен спор против решение на второстепениот орган - Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, кој орган одлучувал по поднесената жалба против Решението на самиот првостепен орган, сега тужител.

Од погоре наведеното, судот оцени дека во овој случај тужителот нема активна легитимација за водење на управен спор, поради што следуваше Судот согласно член 38 став 1 точка 3 во врска со член 32 став 1 точка 1 од Законот за управните спорови, да одлучи како во изреката на решението.

Решено во Управен суд на ден 09.09.2025 година под У-6.бр.621/2025.

Судија
Марта Телеграфчиска

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истото, преку овој суд до Виш управен суд.

Решението да се достави на:
- тужител
- тужен орган

Судија
Марта Телеграфчиска

ВТ/